РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 08-11-2024
Прилог | Вредност
98 | 127/1

[redacted]

Бр 0302-6191/1
07.11.24

<u>До: Општина Битола</u>
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

### за пристап до информации од јавен карактер

[redacted]

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Дали имате усвоен Интерен акт за управување со судирот на интереси (*под интерен акт се подразбира процедура, политика, правилник или друг релевантен документ*). Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
2. Дали имате усвоен Интерен акт за регулирање на постапувањето со подароците, погодностите и гостопримствата вклучително и изготвена евиденција на примените подароци? Доколку имате Ве молиме доставете ни ги.
3. Дали имате усвоен посебен Етички кодекс за административни службеници? Доколку имате Ве молиме доставете ни го;
4. Дали имате изготвена Листа на дискрециски овластувања кои ги имаат вашите органи на одлучување како и Интерна процедура за постапување и донесување на одлуки во областите каде постојат дискрециски овластувања? Доколку имате Ве молиме доставете ни ги;
5. Дали правите проценка на ризици од корупцијата? Доколку имате, кога последен пат сте ја направиле ;

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 07.11.2024 година

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за Човечки ресурси

Бр.11-127/2
08.11.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-127/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

08.11.24

Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 28-11-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-127/3 | | | |

Општина Битола
Одделение за управување со човечки ресурси
Бр. 04-141/2
27.11.2024.
Битола

До

Емилија Илиевска

**Врска:** Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-127/2 од 08.11.2024 годи[redacted]

Предмет: Достава на податоци

Во врска со доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известувам следното:

За прашањето под реден број 1, 2 , 3, 4, одговорот е Не – Општината има донесено правилник за работниот ред и дисциплина .

За прашањето под реден број 5 направена е проценката од Април 2024 година со Регистар на ризици.

Со поздрав

Раководител
на одделение за управување со човечки ресурси
Кире Ѓоргиевски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-127/4
28.11.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **08.11.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-127** од **08.11.2024 година**, каде бара информација за тоа дали општината има донесено Интерен акт за управување со судирот на интереси, дали е усвоен Интерен акт за регулирање на постапувањето со подароците, погодностите, и гостопримствата. Дали е усвоен Етички кодекс за административни службеници, Листа на дискрециски овластувања и проценка на ризици од корупцијата.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-127 на ден 08.11.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација тоа дали општината има донесено Интерен акт за управување со судирот на интереси, дали е усвоен Интерен акт за регулирање на постапувањето со подароците, погодностите, и гостопримствата. Дали е усвоен Етички кодекс за административни службеници, Листа на дискрециски овластувања и проценка на ризици од корупцијата.
**Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-127/1 од 08.11.2024
2.Допис до Одделение за Човечки ресурси бр. 11-127/2 од 08.11.2024
3. Одговор од Одделение за Човечки ресурси со бр.11-127/3 од 28.11.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 28.11.2024 година, под бр. 11-127/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА